МАКЕДОНИЈА

# Средба на ССНМ и ЗНМ со Претседателот Стево Пендаровски

23.11.2022 19:26

**На средбата се зборуваше за состојбата во медиумскиот сектор во Македонија, условите за работа на новинарите и медиумските работници, како и законските регулативи кои се однесуваат на оваа област...**

Share 0 Ми се допаѓа 0 Tweet



Претставници на Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници и на Здружението на новинари на Македонија денеска беа примени од Претседателот на РС Македонија, Стево Пендаровски.

продукција




**ВИТРАЖ**

Петок, 17:45

промо




**МРТ Сателитски канал**

**Сателитски програмски сервис на МРТ**

На средбата се зборуваше за состојбата во медиумскиот сектор во Македонија, условите за работа на новинарите и медиумските работници, како и законските регулативи кои се однесуваат на оваа област. Бришењето на активната забрана за владино рекламирање во приватните медиуми, односно измените и дополнувањето на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААМУ) кои се во собраниска процедура беа една од главните точки на средбата.

Како еснафски организации ССНМ и ЗНМ го повторија својот долгогодишен принципиелен став кога станува збор за платени кампањи со средства од граѓаните во приватните медиуми, а тоа е дека претходното слично искуство докажа дека оваа практика катастрофално ќе се одрази, како врз новинарството, така и врз медиумскиот пазар.

„Со повторувањето на оваа грешка, Македонија се враќа десетина години station наназад кога на сличен начин медиумите директно се поткупуваа и се нарушуваше уредувачката и новинарската независност“, беше истакнато на средбата од страна на ССНМ и ЗНМ.

ССНМ и ЗНМ исто така потенцираа дека усвојување на вакви измени без вклучување на сите чинители во медиумскиот сектор и без јавна дебата е недемократска и нетранспарентна пракса и дека на тој начин не се креираат решенија со кои ќе се гарантира независноста на медиумите и слободата на изразување.



Сателитска фрекфенција на МТВ
Нова фрекфенција: 10815 mx
Поларизација: хоризонтална
Симболрејт 27500 фед: пет шестини
Сателит : hot bird 6 (13 степени east)

Powered by Interspace

Адреса: Бул. Гоце Делчев б.б., 1000 Скопје, Македонија